Подржано од Словачката агенција за развој

Supported

# Индекс на деловно опкружување во Македонија
# Втор Квартал 2010

## I. Осврт

Проектот за истражување и мерење на индексот на деловното опкружување (ИДО) беше лансиран во Македонија во првата половина на 2010 година. Имплементацијата е прв производ од проектот "Подобрување на деловното опкружување со трансфер на знаење од Словачка", со партнертсво помеѓу Бизнис Алијансата на Словачка (БАС) и Конфедерацијата на Работодавачи на Р.Македонија (КРРМ). ИДО е направен од информации добиени од анкетирани менаџери/сопственици на компании користејќи прашалник од 33 прашања, поделени во 3 блока: А) Легислатива, Б) Макроекономски фактори В) Компании.

Целта на ИДО и во вториот квартал од 2010 година е во насока да послужи како барометар за мониторинг за квалитетот на бизнис средината во Македонија да овозможи значителна информација за главните бариери на компаниите и нивниот развој во иднина, на три месечна база.. Тоа е прв обид за да се развие детален индикатор за (квалитетот) на севкупната бизнис средина во државата, и покрај EBRD-World Bank Business Environment and Enterprise Performance Survey (BEEPS).[1]

Главните наоди од истражувањето на севкупниот деловен индекс е предмет на дискусија со јавноста, бизнис секторот и креаторите на политиката за прифаќање на предлози за подобрување на средината.

ИДО претставува релевантен и објективен глас на бизнисот, и има важност на препорака!!

Фокусот на КРРМ не е насочен кон вршење на притисок на Владта во политичко економска насока , туку напротив фокусот на проектот е начин на комуникација и дијалог , изразување на бизниз заедницата кон законодавецот за намалување на главните пречки за бизнисот преку квалитетна легислатива, ефикасна администрација, добар достап до финансии, квалитетна работна средина,подобрување на инфраструктурата итн.

[1] BEEPS е имплементирано 3 години и цели кон мапирање на главните пречки во бизнис средината преку поголем период на време. Не овозможува регуларна и фрекфентна информација за бизнис средината..

## II. ИДО Македонија во вториот квартал на 2010

Прашалникот беше испратен на 280 компании/менаџери и 5 асоцијации/институции, од кои пристигнаа повратни одговори од 54 компании, 3 асоцијации и една општина (локална канцеларија за развој). Податоците беа собирани во период од 4 недели.

Знаејќи дека ИДО истражувањето се спрведува по втор пат за вториот квартал од 2010година, овој извештај дава споредбена анализа за развој или влошување на ИДО.

Во споредба со првиот квартален извештај ,собраните информации од вториот квартал покажуваат дека има одговори со влошена оцена и одговори со "екстремно влошување" во следните области:

-Ефикасност на државната економија,

-Пристап до државна помош,

-Компаниски достигнувања, продуктивност, профитабилност.

Можни објаснувања за одговорите од вториот квартал се:

А) Не редовното сервисирање на јавниот долг кон компаниите,

Б) Неможноста на компаниите да дојдат до државна помош за време на криза,

В) Се помало инвестирање во нови технологии и процеси за квалитетно производство на Македонските компании на домашната интернационалната сцена и со тоа автоматски намалување на профитот кај компаниите**.**

Особено важно е да се напомене дека компаниите не беа под притисок и негативно влијание за време на спроведување на истражувањето во вториот квартал,континуитетот и дискрецијата осигурана од КРРМ ги обезбеди реалните резултати од истражувањето .

Незначителен процент од 33 прашања беа оценети од менаџерите како подобрување, а поголемиот дел од одговорите беа за влошување.

**Функционалноста на политичкиот систем** бележи мало подобрување во делот за "Спроведување на закони и ефикасноста на судсиот систем", област во која се добредојдени реформи за во иднина судејќи по фактот дека за успешен бизнис е потребен судски систем кој фунционира успешно. Подобрување беше забележано и во "Легислатива на даноци, такси и инвестиции" кое се должи на скорите реформи во платниот систем и намалувањето на давачките за придонеси..

И двете прашања за "Комерцијалниот закон/Бизнис легислативата" и "Законот за Работни Односи" беа позитивно оценети од менаџерите.

Добиен е позитивен резултат за оценка на регулаториот удел имплементиран од Владата согласно со кое многу закони и процедури беа пронајдени како тешки или комплетно непотребни и беа одземени од законот. Во последниот период, се случи подобрување во администрацијата, употребата на едношалтерскиот систем за дозволи за влез/излез, намалените такси за добивање лиценци, сертификати, итн. “**Регулирањето на влез и излез од пазарот** ” кое вклучува лиценцирање, сертифицирање е рангирано како напредно подобрување во легислативата. **.** Тука значителен напредок е констатиран во **Прифаќањето на еднаквоста на предметите пред законот(А.9).**

Но сепак постои влошувањето на резултатите во делот на „условување“ на бизнисот низ корупција и уцени ,влошениот политички дијалог во економската свера придонесува за реално лошо и бавно спроведување на реформи во економијата.

Како и во првото истражување голем пад на резултатите имаше во **Макроекономските фактори** каде што само 1 прашање од 11 имаше позитивна вредност.

“Владината економска политика и достапот до информации” беше одговорено дека се влошени за време на периодот на истражување,испитаниците одговорија со најголемо влошување на прашањето “Еднаков пристап пред законот”. Околу 70% од испитаните менаџери дадоа оценка од -2. Ова прашање ја покажува ефективноста на пристапот на еднаквост на сите засегнати страни во легалниот процес.

Второ најголемо влошување е кај прашањето за “Достап до финансии” каде сите одговори се со негативна вредност од -2(51%) и -1 (48%)., негативниот резултат на ова прашање може да биде поврзано со намелениот достап и зголемениот трошок за финансирање поради економската криза која ја зафати Македонија.

Лошиот квалитет на инфраструктурата (вклучувајќи транспорт, телекомуникации, итн) е друга главна пречка за бизнис во Македонија. Околу 70% од испитаниците одгорија со -2 за инфраструктурата, како и во во првиот квартал на 2010 година..

Менаџерите го оценија како влошен квалитетот и пристапноста на првите информации и влијанија за успешност, вклучувајќи ја работната сила како пречка за работење во Македонија.

Значително влошување на ситуацијата е забележано во **Кредибилноста и финансиската дисциплина на бизнис партнерите .** Во оваа област важно е да се напомене и „**екстремниот пад** “на вредноста во **Ефикасноста на државната економија и пристапот до државна помош.**

Во однос на првото истражување во првиот квартал,  истражувањето во вториот квартал резултираше со најголемо влошување на ситуацијата во делот на **Влијанието на компанијата врз квалитетот на бизнис средината ,** посебно во две подобласти:

1. **Компаниски достигнувања, продуктивност и профитабилност ,**
2. **Ликвидност, прилив на пари и остварување на обврските на компаниите .**

Во  паралела со останатите истражувања за македонскиот пазар на труд, покажува дека и покрај богатиот пазар на труд, има несоодветност во условите на знаење и вештини кои се во понудата и побарувачката.

Компаниите негативно го оценуваат нивниот (компаниски) удел во квалитетот на бизнис средината преку не остварување  на нивните   развојни планови.

Влошување на состојбата во насока на придонес кон локалниот економски развој,

Намалена транспаретност на работењето на компаниите(индикатор за прекршување на легислативата),

Во сите други подобласти во овој дел, менаџерите на компаниите констатираа влошување на ситуацијата освен во прашањето за **Влијанието на компанијата врз животната средина** кое што беше оценето со незначително

Севкупно од второто истражување на бизнис индексот во Република Македонија според одговорите на македонските менаџери може да се заклучи дека има многу малку подобласти во кои се забележува подобрување на ситуацијата ,тоа се должи на неколкуте ЕУ легислативи кои беа прифатени во Македонија и кои придонесоа за подобрување на ситуацијата во овие подобласти,но факт е дека  не се вложуваат исти напори за подобрување на целукупната економска ситуацијата.